Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 138/2
03-02-2023 година

По добиена претставка со бр. 08 – 138/1 од 31.01.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со живеалиште на бул. [redacted] против Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија, за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 03.02.2022 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**за непостапување по претставка**

**НЕ СЕ ПОСТАПУВА** по претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08 – 138/1 од 31.01.2023 година поднесена од [redacted] **заради судска постапка за дискриминација.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 31.01.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија за дискриминација, која потекнува од предвидување на членот 24 став 1 во Законот за измена и дополнување на Законот за задолжително капитално финансиско пензиско осигурување (Сл. весник на РМ 245/2018 од 28.12.2018) и вклучување на подносителот на претставката во групата на членовите на задолжителен пензиски фонд, кои во текот на осигурувањето имале стаж на осигурување кој се смета со зголемено траење на осигурувањето, што довело до престанок на членството во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Видно од прилозите дадени кон претставката:

- Тужба на [redacted] преку полномошник адвокат [redacted] до Основен граѓански суд Скопје од 31.12.2021;
- Решение на Основен граѓански суд Скопје 31-П4-7/22 од 13.09.2022;
- Жалба од тужител [redacted] преку полномошник адвокат [redacted] против Решение на Основен граѓански суд Скопје до Апелационен суд Скопје од 22.11.2022;
- Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста до Уставен суд на Република Северна Македонија од 06.10.2022

Неспорно е дека за истата правна работа, а во врска со заштита од дискриминација во тек е судска постапка иницирана од подносителот [redacted]. Од таа причина, согласно член 27, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Комисијата носи заклучок за непостапување или за запирање на постапката по претставката во случај кога постапката пред судот за истата работа е веќе поведена или се поведува во тек на постапката или правосилно е завршена и за тоа го известува подносителот на претставката."*

Комисијата одлучи да не поведе постапка по претставката заведена под бр. 08 – 138/1, поднесена од [redacted] против Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија.

Скопје
03.02.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]